Маја Јовановска[1]
НУБ „Св. Климент Охридски" – Скопје
kliment@nubsk.edu.mk

УДК 021.64:027.54(497.17)
COBISS.RS-ID 139299585
DOI 10.7251/VER23030177J

# НАЦИОНАЛНОТО И МЕЃУНАРОДНОТО МЕЃУБИБЛИОТЕЧНО ЗАЈМУВАЊЕ ДОКУМЕНТИ ВО НАЦИОНАЛНАТА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" СКОПЈЕ

**Апстракт:** Во овој труд е опишан процесот и начинот како се одвивал развојниот пат на Службата за меѓународно меѓубиблиотечна позајмица од минатото па се до денес. Може да се констатира дека истата ги следи сите новини, измени и дополнувања кои се воведуваат во процесите на меѓународната меѓубиблиотечната позајмица во светски размери, а истите службата ги имплементира во процесот на работа преку современиот информатичко - технолошки развој. Учествувајќи на голем број меѓународни странски и домашни конференции, семинари, работилници и обуки, Службата за меѓународна меѓубилиотечна позајмица постојано се надоградува и усовршува. Денес библиотека, како членка на ИФЛА организацијата, има соработка со над 800 светски библиотеки низ сите континенти во светот, затоа може слободно да констатираме и со право да кажеме дека е рамноправна членка со сите нив. Со гордост може да се каже дека службата за меѓународно меѓубибиотечна позајмица е една од најважните сегменти во билиотечната дејност како нишка во современото библиотечното работење, како дел од НУУБ „Св. Климент Охридски", таа исто така се презентира успешно и надвор од своите граници земајќи учество во сите настани поврзани со неа и нејзиното работење. Во последните години следејќи ги статистичките податоци со кои располага нашата библиотека, која редовно секоја година ги ажурира, може да се констатира дека со импементација на новиот систем на позајмица и услуги понудени на нашите корисници и посетители во библиотеката бројот постојано расте, а со тоа и нивните побарувања како од библиотечен фонд на НУУБ „Св. Климент Охридски" но секако и од фондовите на странските библиотеки.

**Клучни зборови:** Меѓубиблиотечното зајмување, Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" Скопје.

## Вовед

*Меѓубиблиотечното зајмување* е еден од позначајните процеси во современото библиотекарско работење. Развојот и функцијата на овој процес датира уште во далечната 1989 година, година во која е почнат процесот на автоматизирање на библиотеката и нејзините процеси, од кои еден од позначајните е приклучокот на интернет мрежата, со што се отвара можност за побрз начин на пребарување во голем број меѓународни бази на податоци, како и можност за пребарување во многуте светски информациски системи.

[1] medzaj@nubsk.edu.mk
*Аутор је библиотекар савјетник у Националној и универзитетској библиотеци „Св. Климент Охридски". Води међубиблиотечку позајмицу и ДОИ центар. – Напомена ур.*

## Развојот на Службата за меѓубиблиотечното зајмување

Во рамките на услужната дејност во библиотеката, функционира и Службата за меѓународно меѓубиблиотечното зајмување. Првите правила во Европа за ваков вид на соработка за меѓубиблиотечна позајмица се донесени на Меѓународниот Конгрес на библиотекари на IFLA (The International Federation of Library Associations and Institutions) во Мадрид - Шпанија во 1935 година. Со овој меѓународен правилник е предвидено секоја земја да формира свое седиште во библиотека која ќе посредува во ваквиот вид на зајмување, а воедно ќе води и комплетна статистика за самата дејност. Подоцна на 1 октомври во 1954 година на Конференцијата во Хрватска - Загреб се објавени и донесени принципите и упатствата за работата во меѓубиблиотечното зајмување. Од тогаш земјите членки почнуваат официјално да ги спроведуваат овие упатства и обврски во пракса. Во нашата земја првите почетоци на оваа Служба биле во склоп на службата за Информации која делувала во рамките на Одделот за Книжен фонд и услуги, а се обележани преку организирано меѓубиблиотечно зајмување во Републиката. Во периодот до 1975 година била остварена соработка со 32 библиотеки од тогашната Социјалистичка Република Македонија. Единствената можност на корисниците да дојдат до потребни информации и податоци тогаш бил Централниот каталог на странски и периодични публикации во библиотеката, а заинтересираните корисници можеле да се информираат единствено преку писмено или телефонско јавување. Во понатамошниот развоен тек Службата за меѓубиблиотечно зајмување ја проширува својата соработка на ниво на Федерација, кога Заедницата на југословенските национални библиотеки склучила спогодба за взаемно меѓубиблиотечно позајмување во СФРЈ единствено преку Националните библиотеки.

Нашата библиотека како членка на заедницата, исто така била вклучена во меѓурепубличкото библиотечно позајмување. За таа цел библиотеката соработувала со Библиографскиот институт во Белград како и со 18 поголеми библиотеки во тогашната СФРЈ. Воглавно сите југословенски библиотеки земале учество во меѓубиблиотечното зајмување преку републичките национални библиотеки кои што биле обврзани да ги почитуваат официјалните правила издадени од Меѓународната Федерација на библиотекарски друштва IFLA (The International Federation of Library Associations and Institutions). Корисниците на нашата библиотека – НУБ „Св. Климент Охридски", како и сите заинтересирани странки од другите библиотеки во СРМ (Социјалистичка Република Македонија), своите побарувања ги доставувале преку општинските библиотеки кои биле задожени да ги проследат барањата до Службата за меѓубиблиотечно зајмување, а понатаму библиотеката испраќала барања до странските библиотеки, но само во случај кога ниедна југословенска библиотека не располага со бараниот материјал. Интересно е да се нагласи дека во овој период меѓубиблиотечното зајмување се одвивало бесплатно, единствено се наплаќало надоместокот за репроматеријали, поштенски и царински трошоци.

Во 1987 година кај нас во Македонија започнува со имплементација на системот COBISS кој бил основан од Институтот за информациски науки (IZUM) од Марибор - Словенија. Од 1989 година НУУБ „Св. Климент Охридски" се вклучува во автоматизираниот процес за обработка на библиотечниот материјал со што може да се добијат директни податоци преку терминалите на библиотеката on line преку системот COBISS/OPAC. Од осамостојувањето на нашата држава во 1991 година па се до 1994 година Службата за меѓубиблиотечно работење почнува да делува во рамките на Рефералниот Центар како Републички центар кој подготвувал бази на податоци за изворите на трудовите од научниот и научно истаржувачкиот кадар на Република Македонија, а била сместена во читалната

за Периодика. Библиотеката НУУБ „Св. Климент Охридски” во 1993 година станува членка на таа библиотечна асоцијација со седиште во Хаг. Во наредните години Библиотеката својата соработка ја проширила и со уште 25 други поголеми библиотеки во светот.

Од 1993 година Библиотеката соработувала со Секторот за меѓубиблиотечно зајмување на Британската библиотека во Бостон (Boston Spa), со однапред уплатен депозит за извршените услуги. Тогашните искуствата покажуваат дека 90% од побарувањата од оваа библиотека биле задоволени. Освен тоа Библиотека врши меѓубиблиотечна зајмување со уште 70 други поголеми библиотеки во светот, а потребите на корисниците налагале воспоставување на нови контакти и со други библиотеки. Од тогашните податоци кои ги водела Службата за меѓубиблиотечна позајмица во НУУБ „Св. Климент Охридски” годишно пристигале околу 1200 документи, а од фондовите на Библиотеката за потребите на нејзините корисници од другите библиотеки се испраќале на времено користење околу 1000 позајмни документи и материјали. Две години подоцна (1996 година) оваа Служба е дислоцирана во Референтната читална се до нејзинот повторно враќање во Рефералниот Центар во 2002 година каде функционира и работи денес.

Во периодот што следи библиотеката НУУБ „Св. Климент Охридски“ од Скопје склучува соработки со сите Национални, Универзитетски и Народни библиотеки низ целиот свет, а со тоа Службата за меѓубиблиотечна позајмица има можност да ги следи сите нови модели на работење, пребарувања во базите ARTTEL, ARIEL, OCLC бази со кои располагаат библиотеките во Америка, Канада, Англија и Европа како можност за побрз начин на пребарување во истите, а воедно и брзо информирање и опсужување на странките побарувачи на бараниот материјал. Позајмиците на библиотечните материјалите (монографски публикации, статии од периодични списанија, прилози и други материјали се одвиваат електронски преку e-mail, скенирање и пошта. Според наше мислење, најдобар начин за брзо и ефикасно меѓубиблиотечно зајмување на библиотечни материјали е можноста за електронско пребарување и позамица, како и електронска трансмисија на текстовите со скенирање во прилог (*Attachment*), а воедно се добива во брзина и време, секако тоа влијае и во цената на услугите.

Одденешен аспект, Службата за меѓубиблиотечно позајмувањето на библиотечни материјал ја користат индивидуалните и колективните корисници (организации, институции како од јавен така и од приватен карактер) најчесто доставуваат писмено барање во кое треба читливо и точно да се наведат нивните лични податоци, како и основните библиографски податоци на бараниот материјал (автор/и; наслов на публикацијата, година и место на изадање, број, волумен и број на страници, може но и не мора да се напише и ISBN или ISSN број на публикацијата). Откако ќе се изврши пребарување, Службата за меѓубиблиотечно зајмување сугерира и воедно информира за најдобрата варијанта за што побрзо добивање на бараниот материјал; изборот на библиотеката од која ќе се бара материјалот, начинот на испраќање на позајмицата, како и за цената на услугата согласно на ценовниците на библиотеките од каде се врши зајмувањето, време на испорака на материјалот. Корисникот самостојно решава за изборот. По пристигање на бараниот материјал, Службата за меѓубиблиотечно зајмување веднаш го информира корисникот, а тој е должен да го подигне и воедно да ги подмири трошоците за извршената услуга според добиените фактури и ценовниците на библиотеките. Доколку позајмениот документ е во оригинална форма (книга) корисникот треба во рок од 15 дена од датумот на пристигање во библиотеката да го врати уредно назад.

Покрај позајмицата од странските библиотеки оваа Служба врши и позајмица на библиотечни материјали од својот фонд за потребите на библиотеките низ државата, на годишно ниво над 1500 позајмувања. Како членка во IFLA организацијата  по пат на меѓубиблиотечно зајмување не се испраќаат како во минатото така и денес: ракописи, редок библиотечен материјал, периодични публикации, картографски и графички материјал, нотен материјал, CD-ROM публикаци, микрофилмови и сета приручна литература (речници, енциклопедии, адресари, лексикони, телефонски именици, докторски и магистерски тези и др). Овој дел е регулиран со Правилник за користење услуги од член 55 од Статутот на НУУБ „Св. Климент Охридски" од Скопје.

Службата за меѓубиблиотечно зајмување преку новата платформа на COBISS 3 електронски овозможува на библиотеките и корисниците побрз увид на библиотечниот фонд како и електронско пополнување на барањата на нарачателот за баранатите материјали за меѓубиблиотечно зајмување. Со следењето и имплементирањето на сите новини во оваа службата за меѓубибиотечна позајмица која е единствена за ваков вид на соработка, на своите корисници и странки им отвара нови можности за нивно побрзо информирање, едукација и отварање на нови хоризонти во светот на науката, што е битен фактор за нивното понатамошно доедуцирање.

## Пребарување и зајмување на библиотечниот материјал

Позајмувањето на библиотечни материјал најчесто се одвива на следниот начин индивидуалните и колективните корисници (организации, институции како од јавен, така и од приватен карактер) најчесто доставуваат писмено барање во кое треба читливо и точно да се наведат нивните лични податоци, како и основните библиографски податоци на бараниот материјал (автор/и; наслов на публикацијата, година и место на издање, број, волумен и број на страници, може но и не мора да се напише и ISBN или ISSN број на публикацијата). Откако ќе се изврши пребарување, службата за меѓубиблиотечно зајмување сугерира и воедно информира за најдобрата варијанта за што побрзо добивање на бараниот материјал; изборот на библиотеката од која ќе се бара материјалот, мачинот на испраќање на нарачката (по пошта, факс, е-маил, скениран), како и за цената на услугата согласно на ценовниците на библиотеките од каде се врши зајмувањето, време на испорака на материјалот. Корисникот самостојно решава за изборот. Службата за меѓубиблиотечно зајмување го информира корисникот за времето за кое може да го добие документот и за цената на услугата, согласно ценовниците на библиотеките од кои се зајмува. По пристигање на бараниот материјал, службата за меѓубиблиотечно зајмување веднаш го информира корисникот за пристигнувањето на материјалите, а корисникот ги подига материјалите од библиотеката, воедно ги плаќа трошоците за извршената услуга според добиените фактури и ценовниците на библиотеките. Доколку позајмениот документ е во оригинална форма (книга), треба во рок од 15 дена од датумот на пристигање во библиотеката да го врати уредно назад во библиотеката.

## Начин на плаќање за извршените услуги

Меѓубиблиотечнот позајмување со користење на ваучериите IFLA (*IFLA voucher Scheme*) е интересно за корисниците, бидејќи овозможува соработка со голем број библиотеки од светот вклучени во него. Со овој систем е олеснета комуникацијата, а пред се плаќањето на услугите, без депозит како што е случајот со Лондонската библиотека, Руската, Францускатa и Данската библиотека, без фактури, без поштенски купони итн., со други зборови го решава проблемот на меѓународното девизно плаќање. Поради тоа ваучериите IFLA се многу поприфатливи за нас во НУБ и затоа како нејзина членка има можност да зајмува документи од сите библиотеки во светот што се негови членови. Според договорот, за зајмување на монографска публикација чини 1IFLA ваучер или 8 евра (во денарска противвредност од околу 600 денари бидејќи се следи дневниот курс на Народната банка на Македонија), а копија на статија со одредена бројка на страни до 20, чини 1/2 IFLA ваучер или 4 евра (околу 200 денари), што е прифатлива цена за нашите корисници. Цените на услугата зависат и варираат во зависност на библиотеката од каде се врши позајмицата на материјалите и нивниот ценовник на услуги.

Службата за меѓубиблиотечно зајмување им ги предочува на корисниците сите можни начини, со цел тие, според нивните потреби и можности, да го селектираат и да го изберат најдобриот начин на позајмица, како и за ценатa на услугите. Според наше мислење, најдобар начин на за брзо и ефикасно меѓубиблиотечно зајмување е можноста за електронско пребарување и нарачка, како и за електронска трансмисија на текстовите со скенирање во прилог (*Attachment*), што не е скап процес. Воедно се добива во време, а секако и во цената на услуги. Така, службата за меѓубиблиотечно зајмување постојано ги следи сите новини во работењето, како и новини и новите можности, солуции, програми, се со цел во интерес на нашите сегашни и идни корисници.

## Ковид 19 и начинот на работа во службата за меѓубиблиотечно работење

Во еден миг секаде на целата наша планета се сопре. Во шок и неверување дека еден вирус толку може да не измести сите, да не сопре со нашата работа и нашето физичко присуство. А што можевме останувaше само едно решение целиот библиотечен процес да го измениме и прилагодиме на работа онлајн. На почетоко ни се мешаа безброј прашања како, можеме ли, до кога и многу други мисли се со цел да не сопреме со нашата работата, а воедно нашите корисници да не останат без нашите услуги. По долги косултации, нашата библиотека реши дека сепак секоја странка побарувач на книги, статии од весници и списанија преку службата за меѓубиблиотечно позајмување мора да се услужи со бараниот материјал. Во таквите несекојдневни услови на работа, како и контактите со сите колеги со кои работиме долги години сфативме дека по пат на електронска комуникација може да си помогнеме едни на други, односно книгите, статиите и друг вид на материја кој може да се позајми, да ги скенираме и елктронски да ги испратиме до побарувачот, односно библиотеката која врши позајмица. Со малку напор но голема желба за работа библиотеката успешно функционираше речиси цела година. Во тој период најголема соработка имавме со библиотеките од Балканот но секако и останатите библиотеки кои беа во можност да ни го испорачаат бараниот материја. Библиотеката продолжи со работа и остана достојна на својата задача. Вирусот некако успеавме да го победиме, библиотеката остана достоен храм на знаењето. Во тие тешки моменти имавме позајмица на 30 книги, скенирани беа и испратени статии од списанија и весници над 102 но секако и друг библиотечен материјал, така што бројката со која располагавме изнесуваше и повеќе од 170 библиотешни позајмици. Се надевам дека во иднина поучени од едно вакво искуство

ќе можеме и повеќе да допринесеме за библиотечната дејност, но сепак не би сакале да се повтори, односот странка библиотекар со физичко присуство е неоспорен и незаменлив.

## Статистика и статистички податоци

Според статистиката, НУБ врши побарување од странските библиотеки за потребите на своите корисници од 1500-2000 наслови годишно, а добива барање за зајмување од нејзиниот фонд од 400-900 наслови годишно. Ако се направи преглед според научни области, најчесто барани документи се од природните и применетите науки, а секако тука е интерсот и за општествените и хуманитарните науки.

## Заклучок

Како се одвивал развојниот пат на Службата за меѓународно меѓубиблиотечна позајмица од минатото па се до денес може слободно да се констатира дека истат ги следи сите новини, измени и дополнувања кои се воведуваат во процесите на меѓубиблиотечната позајмица во светски размери, а Службата ги имплементира преку современиот информатичко-технолошки развој. Преку учество на меѓународни странски и домашни конференции, семинари, работилници и обуки Службата се надоградува и усовршува. Денес библиотека има соработка со над 800 светски библиотеки низ сите континенти и е рамноправна членка со сите нив. Може да се заклучи дека Службата за меѓубиблиотечно зајмување ги следи сите новини и трендови во развојот на светските библиотеки и воедно се труди истите да ги имплементира во својата матична библиотека. Со гордост може да се каже дека Службата за Меѓународно меѓубибиотечна позајмица е една од најважните сегменти како нишка во современото библиотечното работење, како дел од НУУБ „Св. Климент Охридски" таа исто така се презентира успешно и надвор од своите граници.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Калајлиевска, В. (ур.) (1994). Правилник за користење на услугите во НУУБ „Св. Климент Охридски". У: Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје. Скопје: НУБ „Св. Климент Охридски".
2. Павловић, А. (2012). Снабдевање научним документима у Србији. Београд: Универзитет, Универзитетска библиотека „Светозар Марковић".

Маја Јовановска
НУБ „Св. Климент Охридски" – Скопје

# НАЦИОНАЛНА И МЕЂУНАРОДНА МЕЂУБИБЛИОТЕЧКА ПОЗАЈМИЦА ДОКУМЕНАТА У НАРОДНОЈ И УНИВЕРЗИТЕСКОЈ БИБЛИОТЕЦИ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"

**Резиме:** Овај рад описује развојни пут Међународне службе међубиблиотечке позајмице од прошлости до данас. Може се слободно рећи да тај пут прати све новине, измјене и допуне које се уводе у процесе међународне међубиблиотечке позајмице у свјетским размјерама, а које Служба у процес рада имплементира путем информационих технологија. Учествујући у великом броју међународних и домаћих конференција, семинара и радионица, Служба међународне међубиблиотечке позајмице се стално надограђује и унапређује. Библиотека данас, као чланица организације ИФЛА, сарађује са преко 800 свјетских библиотека широм свих континената свијета као равноправан члан. Са поносом можемо рећи да је услуга међународне међубиблиотечке позајмице један од најважнијих сегмената у библиотечкој дјелатности као нит савременог библиотечког пословања којим се НУБ „Св. Климент Охридски" представља и ван свог окружења. Посљедњих година, пратећи статистичке податке којима располаже наша библиотека, а који се ажурирају сваке године, може се констатовати да, примјеном новог система позајмице и услуга које се нуде нашим корисницима и посјетиоцима библиотеке, број читалаца стално расте, а самим тим расту и потраживања како из домаћег библиотечког фонда тако и из фондова страних библиотека.